**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 јануари 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 15,07 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Дами и господа пратеници, ја отворам Двасет и деветта седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Бесим Догани, Марија Андоновска, Илија Димовски, Гарип Каба, Горан Мисовски, Љубчо Георгиевски, Ѓорѓи Оровчанец, Данаил Дончев, Марјан Додовски, Љубисав Иванов-Ѕинго, Владо Бучковски, Ацо Киров, Лазар Китановски, Илинка Митрева, Владимир Ѓорчев, Фиат Цановски, Абдуљади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Селиу, Ајше Селмани и Тахир Хани, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата немаме доволен број пратеници кој бини допуштил да ја отвориме седницата.

Предлагам 10 минути пауза за да се соберат пратениците.

Ве молам, службите нека утврдат точен број на присутните пратеници, мможеби некој од пратениците не притиснал добро.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 52, воздржани 2, против 2.

Ве молам уште еднаш да се утврди бројот на присутните пратеници во салата, за да можеме да видиме дали е важечко гласањето.

Во салата има 67 пратеници.

Според тоа, констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог за донесување на деловник на Собранието на Република Македонија.

Процедурално се јави пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседателе,

Дозволете ми на почетокот, со оглед на тоа што сум првиот од пратениците кој што дискутира кога новиот секретар е тука и ја презема должноста, да му честитам и да му посакам многу успех. (Аплауз)

Господине претседателе, се јавив за да реагирам процедурално и да побарам да ја одложиме оваа седница од следните причини.

Имено, дискутирајќи во понеделникот по законот за индустриско технолошки зони, предложив да ги прекинеме сите расправи кои што е надвор од темата за економија и кои што се надвор од министерствата и кои што се од секторите за економија. На тој мој предлог, сега ќе ви прочитам од стенограмот кој што е од понеделникот дека треба да расправаме за законите кои се од Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, за да не биде Парламентот тој кој што ќе ја спречува реформата во Република Македонија. Во спротивно ако тоа не го дозволите, ќе сметам дека во договор со Владата наперно правите за да ја префрлите целокупната вина вр Парламентот. На овие мои зборови вие реагиравте и сега ги цитирам. Претседателот Љубиша Георгиевски вели: “можете ли господине Најдовски да ми дозволите да ви одговорам, затоа што прашањето е и процедурално. Јас предлагам, кога ќе ја завршиме оваа точка , да се собереме на координација и да ги решиме тие прашања директно и веднаш. Повелете продолжете”. Ова ваше укажување јас го прифатив и имајќи предвид дека сте претседател на ова Собрание, втор човек на државата, јас во вашите зборови верував и сеуште ви верувам. Од онаа информација која што ја имам, вие сте одржале координација пред почетокот на оваа седница и воопшто ова прашање не било поставено. Јас сега повторно предлагам да го одржите зборот кој што јавно го дадовте пред македонската јавност и наместо да расправаме по Деловникот, да си ги завршиме 16-та седница на Собранието на Република Македонија и да ги усвоиме законите, Предлог за донесување на закон за јавна внатрешна финансиска контрола, за внатрешна ревизија, закон за култура, закон за тутунски производи. Од следната седница 12-та, исто така, имаме 4 закони од економијата . Од 26-та седница имаме 10 точки, од економија, труд и социјална политика, од сличните ресори и сметам дека многу убаво си започнавмем во понеделникот. Расправајќи овие два дена за овие два добри закони, немавме нарушување на политичкиот дијалог, немавме вжештена атмосфера во Парламентот, немавме деструкција

во Парламентот кога расправаме за такви закони. И, сега, ви предлагам да не расправаме по оваа точка што ја предложивте, туку да си го одржите зборот и да видиме доколку пратеничките групи не се согласуваат да расправаме за економските закони, во ред. Но, јас сметам дека сите пратенички закони, пратениците се расположени да ги расправаат и да ги завршиме сите овие закони во ваш стил, како што вие велите во овие два три дена, а во вторник да расправаме за законот за стечајците, па дури потоа ако ги завршиме сите овие закони, а верувам дека навреме ќе ги завршиме и навистина нема да имаме деструктивна атмосфера по овие закони. Дури тогаш за законот за празниците, за деловникот, кој што во овој момент се најмалку битни за реформите во Република Македонија. Ова е мојата прва процедурална интервенција, а доколку овој предлог не биде прифатен, повторно имам друга процедурална забелешка и интервенција по однос на предложениот дневен ред.

Барам поддршка од 10 пратеници за мојот предлог за биде до крај деловнички.

**Љубиша Георгиевски** : Што се однесува до мојот збор и до координацијата, точно е дека јас исто така ги преферирав економските теми, како што и ги преферира Владата, но исто така е точно дека мојот збор не можее да се однесува реверзибилно на веќе закажани седници. Оваа седница, оваа тема за денес два месеци ја работиме и оваа тема е зрела и презрела и затоа ја ставивме вака како што е.

Што се однесува до денешната координација, говоревме опширно за тоа како да течат седниците точно на оваа тема и никој од присутните координатори не покажа никаква резерва околу тоа дали денес да продолжиме или не по оваа тема. А, кратко најавив на оваа координација дека ќе се обидам да излезам со план за цел месец февруари како ќе изгледаат седниците. Утре го започнувам тој план. Значи, најавен е тој план, за тоа не се дискутираше, само го најавив, но никој на координацијата која се одржа во 14,00 часот не изјави таква резерва околу промената. Повторувам, никој. Сега, ова ваше право е вака да си побарате процедурално, ние ќе го ставиме на дневен ред и дневниот ред ќе го ставиме на гласање и ако тогаш го изласаме, ќе го изгласаме , а ако не го изгласаме, тоа ќе значи дека вашата. . . тоа може да значи и обратно, па не е ништо страшно. Меѓутоа, ве молам да сте чесни на координација да ги најавивте овие маневри и да знаете дека тоа на координација се прави, а овде не. Тоа не е чесно, некоректно, но еве го ставам на дневен ред Предлогот на господинот Најдовски.

Предлогот на господинот Најдовски го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за 19, воздржани нема, против 48.

Според тоа, констатирам дека Предлогот на господинот Најдовски не е прифатен.

Уште еднаш потцртувам, ако не си стоиме на зборот од седниците на координација, не треба да ги правиме. И, ако уште еднаш не си стои било кој на зборот, било која пратеничка група, јас нема да правам координација, затоа што не е како што треба и не е коректно. Значи, според тоа, за денешната седница го предлага истиот дневен ред, а тоа е Предлог за донесување на деловник на Собранието на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, за гласале 48, воздржано 2, против 3.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници за да можеме да го прогласиме гласањето за валидно односно невалидно.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 68 пратеници.

Според тоа, го прогласувам гласањето за валидно и констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1 - Предлог за донесување на деловник на Собранието на Република Македонија**

Предлогот за донесување на деловник на Собранието, мислењето на Владата, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Процедурално за збор се јавува пратеникот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Претседателе, за моја лична информација би сакал да ве замолам да дадете објаснување дали за оваа точка на дневниот ред на Собранието ќе важи амандманот 10 од Уставот на Република Македонија или не. Да ве потсетам амандманот 10, го уредува начинот на одлучување во Собранието, со оглед дека овде се досегаат употреба на јазици и други одредби што спаѓаат од ставот 2 на амандманот 10. Меѓутоа не се работи за закон, како што пишува во Уставот.

Со оглед дека има многу недоумици во јавноста и со оглед дека и помеѓу пратениците, формално, или неформално постојано разговараме, би било добро да ни кажете за да знаеме за текот на натамошната расправа, дали ќе важи или не овој амандман. Прв пат сме во ваква ситуација во Собранието ...

**Љубиша Георгиевски:** Да важеше сигурно ќе беше објавено овде во ова јас што го читам, а тоа е подзаконски акт. Според тоа,...

**Никола Попвски:** Не е подзаконски акт.

**Љубиша Георгиевски:** Деловникот да. Процедурално за збор се јавува пратеникот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Ме зачудува барањето од пратеникот Никола Поповски и во однос на толкувањето, затоа што познато му е и тој беше година дена  претседател на Собранието, кога се применуваше амандманот 10. И во неговиот случај тогаш при потреба за носење на закон или конкретно овде за деловник, никогаш во правата фаза не се применува двојното мнозинство на гласање. Мислам дека не е фер уште сега да го исфрла тоа прашање затоа што ова е прва фаза и по однос на деловникот ќе гласаме согласно досегашниот метод на гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Да, јас мислам дека е тоа по автоматизам. Многу закони носевме оденднаш со прво, второ, трето читање и затоа се поткрадна таква асоцијација.

Бидејќи овој закон, односно деловник, се носи со широка расправа, досега имавме многу широки расправи меѓу првата и втората фаза пак има широка расправа и мислам дека сега за сега не треба да се проблематизира со Бадинтер, доколку не се сака да се дискарнира, да се отфрли разгледувањето на овој закон, а тоа не се сака, убеден сум, од ниту една пратеничка група. Така што сега е како што е.

Процедурално за збор се јавува господинот Слободан Најдовски, по втор пат.

**Слободан Најдовски:** Претседателе, согласно деловникот, кога ќе сметам дека деловникот е проврeден, дали два пати или три пати, го имам тоа право да се јавам.

Ве молам, согласно деловникот, со оглед на тоа што има група на предлагачи од група пратеници, затоа што вие не кажавте, и тоа е мојата интервенција, а тоа е, кој е претставник во име на предлагачите, да знаем кој ќе има право во секое време да се јавува и фактички кој е тој што го предлага овој деловник и кој ќе ги брани ставовите на овој деловник, бидејќи тоа е процедурата.

Затоа ве молам да се каже кој е претставник.

**Љубиша Георгиевски:** Прво потпишаниот меѓу предлагачите.

**Слободан Најдовски:** Значи, овој деловник ќе го брани господин Трајко Вељаноски, во име на предлагачите.

**Љубиша Георгиевски:**  Така е ред.

Отворам претрес.

За збор се јави господин Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе почитувани пратеници.

Оваа седница е посветена на предлогот за донесување на деловник на Собранието на Република Македонија односно низ расправата во првата фаза за донесување на деловник на Собранието на Република Македонија, да ги изнесеме своите ставови, мислење и забелешки и да се постигне согласност во што поголем дел од одредбите на понудениот деловник.

Значењето од носење на еден ваков акт во овој дом се покажува и со тоа што е една седница со една точка на дневен ред и тоа во однос на предлогот на донесување на деловник.

Потребата од донесување на нов деловник, мнозинството во овој парламентарен состав јавно и недвосмислено го изнесе од самиот почеток од работата на овој пратенички мандат.

Јавноста во изнесениот став беше изразена и во изготвување на работниот такст на овој деловник. Работната група анализирајќи повеќе деловници во државтите членики на Европската унија,во значителна мера се определи да ги гради одредбите од деловникот на Бундестагот, почитувајќи ги целосно уставно правнте прописи кои важат во Република Македонија, но и досегашните искуства од повеќе партиското живеење и работа во Собранието на Република Македонија.

Текстот на деловникот беше доставен до сите пратенички групи. Беше доставен до сите пратенички групи, беше формирана работна група од претседателот на Собранието кој се обиде да ги усогласи различните ставови, да се постигне консензус од потребата за донесување на нов деловник, да се усогласат разликите за формулациите и решенијата од понудениот деловник.

Констатирајќи дека е непосредна потрба од донесување на нов деловник, но исто така констатирајќи дека разликите во ставовите и решенијата не може да се надминат со тоа што 14 пратеници поднесоа предлог за донесување на деловник на Собранието на Република Македонија, кои се од различни пратенички групи.

Почитувани пратеници, постојниот деловник е донесен на 15 јули 2002 година. Работата на Собранието во периодот од 2002 до ден денес, несомнено ја потврдува неопходноста во делот на анализа и компарација на одредбите на деловникот, во правец на пообемни измени и дополнувања на Деловникот.

Во насока на надминување на согеданите недостатоци и недоречености на деловникот, во претходниот мандатен период е започната постапка за донесување на нов деловник. Беа нагажирани експерти од Европската комисија согалснот Твининг програмата на овие експети од Националниот демократски институт, од Парламентот на Република Словенија, државни службеници вработени во службата на Собранието и беше изработен предлог за донесување на деловник на Собранието.

Овој деловник во почетокот на 2006 година бил доставен до координаторите на пратеничките групи, а со тоа не сомнено координаторите го доставиле до пратениците во тогашниот Парламент, се со основан цел овој деловник да се разгледа од работните тела и од Собранието и истиот да се донесе.Овој текст на деловник на Собранието не беше разгледан односно не беше ни донесен.

Анализирајќи го и споредувајќи го со работиниот тескт на деловникот на кој беа вградени односно усогласени одредбитен од деловникот на

Бундестагот, констатиравме дека двата текста се разликуваа само во одредени нијанси.

Почитувајќи го трудот на експертите од Европската комисија согласно Твиниг програмата, експертите од Националниот демократски институт и од Парламентот на Република Словенија едновремено ценејќи дека овој текст на деловник е добра основа на донесување на деловник за ефикасна и рационална работа на Собранието, овозможување на Собранието да ја оствари основната усавна надлежност, ностител на законодавната власт и претставнички орган на граѓаните. Односно, пратеникот да ја има активната улога и централна улога во креирањето на законите и другите акти од надлежност на Собранието на Република Македонија.

Во расправата на седниците на работните тела на Собранието и на самата седница на Собранието односно Деловник кој работата на Собранието ќе ја поистовети со работата на парламентите на државите од Европската унија, а со тоа и Република Македонија да исполни уште една препорака на Европската унија во определување на датум за започнување на преговори за зачленување во Европската унија.

Почитувани колеги, расправите во работните тела, расправата на седницата на Собранието предлагачите ќе ги анализираат, оценуваат односно коментираат во изработката на предлогот на Деловникот на Собранието со цел да донесеме Деловник кој во пракса ќе ги преточи основните начела врз кои се заснова новиот Деловник.

Во оваа прилика не би се задржал на поеделни решенија од Деловникот, тие решенија се понудени и по нив ќе се расправа, а во текот на расправата би се вклучил да објаснам или образложам одредени одредби од текстот на понудениот Деловник.

Почитувани колеги, убеден сум дека дискусиите, предлозите, забелешките што ќе бидат искажани од ваша страна ќе придонесат предлагачите да предложат Деловник кој ќе биде поддржан од сите пратеници, а со тоа ние пратениците низ законите кои ги донесуваме ќе ги оствариме заложбите и очекувањата на граѓаните кои со својот глас ја изразија својата волја за изборите во 2006 година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Слободан Најдовски.

Повелете вашите три минути.

**Слободан Најдовски:** Почитуван претседателе, сакам накратко да укажам само на еден дел од воведното излагање на господинот Трајко Вељаноски кој што во име на предлагачите даде образложение за предложениот деловник, а тоа се однесува дека овој деловник во нијанси се разликува од деловникот кој што беше предложен при крајот на мандатот на претходниот состав на Парламентот. Можеби тоа така да се протолкува, но овој предлог на деловник суштински се разликува од тој предлог.

Прво, сметам дека предлагачите не треба да се кријат зад предлогот од претходниот состав на Парламентот, што господинот Љупчо Јордановски, како претседателе на Собранието тогаш, го достави до пратеничките групи и бараше мислење од пратеничките групи дали воопшто тој деловник да влезе во собраниска процедура. Со оглед на тоа што пратеничките групи не одговорија, значи имаа забелешки и воопшто тој Деловник не влезе во собраниска процедура, сметам дека тука треба да завршиме во споредбите со тој деловник.

Она нијанса што ја кажа господинот Вељановски дека се разликува таа верзја, не е нијанса. Требаше да каже во што се разликува. Суштинска и огромна е разликата.

Во делоникот што тогаш го достави господинот Јордановски до пратеничките групи, се разликува члнот 3, а членот 3 е употребата на јазиците при раководење на седниците на работното тело. Овие предлагачи сега предлагаат на седниците на работното тело да може да се зборува на албански јазик, оној што го раководи работното тело. Тоа го немаше во тој деловник од господин Јордановски, тие тогаш што го работеа.

Прашувам директно, прво, зошто предалгачите прво не кажат, суштинсата разлика и предлог на овој деловник е таа и второ е предлог за скратување на дискусиите. Кој кумуваше во таа варијанта. Зошто тогаш сега бегаат јавно да проговорат за таа тема. Тоа не претставува измена на деловникот. Тоа претставува измена на уредувањето на Република Македонија. Затоа ве молам, предлагачите да кажат зошто тоа го предлагаат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Процедедурално за збор се јавува Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, бидејќи сакам да интервенирам процедурално и во интерес на јавноста бидејќи се снимаат седниците, значи не постоел никаков предлог од претходниот состав на деловник. Такво нешто не постои. Барем до пратеничката група на СДСМ нема стигнато никакво писмо, пропратно, со некаков деловник, ниту пак јавно и одговорно тврдам, тука тоа може да го потврди и претходниот претседател на Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања, ниту до нив е упатено некакво пропратно писмо за деловникот.

Но, бидејќи господинот Трајко Вељаноски кажа некои работи кои мислам дека отвараат некој сомнеж во име на пратеничката група на СДСМ барам половина час пауза да го погледнеме тоа што беше кажано и да се расветли и она што го кажа господинот Најдовски.

**Љубиша Георгиевски:** Во однос на вашата процедурална забелешка, јас сериозно ја земам и лично ќе проверам во архивата какви биле преписките. Тоа е најдобар и најкраток начин да видиме имало или немало, коректен е начинот.

Сега, дозволете пред да дадам пола час пауза, да ја слушнеме контрарепликата на Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Ќе се обратам до пратеникот Слободан Најдовски.

Би трабало внимателно да ме слуша, не претјходно, уште пред да го изнесам јас, да си има свои констатации и така тезата да ја води.

Јас кажав дека во ова Собрание имаше работна група која изработи деловник согласно деловникот од Бундестагот и овој деловник кој сега е предлог се разликува по одредени нијанси во однос на деловникот што беше изработен како работен текст во однос на деловникот на Бундестагот. Земете ги стенографските белешки, прочитајте ги и ќе видите. Тука ја направив таа споредба, тука се одредени нијанси. Инаку нема пробем, јас затоа кажав по сите одредби што се ставени овде ќе разговараме овде и ќе укажам каде е разликата, во однос на оној што претходно беше понуден од претходниот претседател. Точно беше за јазикот, точно беше за денот на гласање. Само тие две одредби.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Давам пола час пауза.

(по паузата седницата продолжи во 16,22 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Има збор како овластен предлагач пратеник господин Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам потпретстедателе.

Точно е, господине Макрадули, пак земав збор со една единствена цел. Вие како процедурално кажавте дека сакате да ги видите стенографските белешки, моето излагање и да видите во моето излагање дали и каде сум го спомнал поранешниот претседател на Собранието на Република Македонија кој што ви доставил текст, работен текст за Деловникот кој што и јас се повикувам дека е во претходниот состав на почетокот на 2006 година. Господине Макрадули точно е, во своето излагање јас изнесов дека овој Деловник освен два члена и тоа член 3 и член 164 кои што се дополнително сега внесени, доставен е до координаторите на пратеничките групи. Исто така, доставен е и до вас. Не сакам ова да го сфатите како еден вид мешање во внатрепартиските случувања во вашата партија, затоа што и ние бевме како партија во таа ситуација, вашата сегашна и знаеме што значи еден вид групирање во одредена политичка партија. Но за жал вие тогаш директно кокетиравте со една групација која што произлезе од ВМРО ДПМНЕ. Не сакам да се сфати ова мое излагање во таа смисла. Но, сакам ова мое накнадно јавување и искажување да биде во прилог на доаѓање на вистината, затоа што како што денеска изразивте резерва и категорично дека никогаш тој Деловник не би бил доставен и во пропратното писмо кое што го испративте до мене по однос на работниот текст, имате искажување на писмено дека никогаш не сте го виделе вие како пратеници. Без оглед дали некоја личност во одреден момент ја почитуваме, или не ја почитуваме, сметам дека во секој случај треба институцијата претседател на Собранието да има почит и респект институцијата и личноста која ја претставува таа институција. Фактите говорат друго господине Макрадули, фактите говорат дека, како што кажав, тој работен текст би бил вас доставен со писмо од кабинетот на тогашниот претседател под број заведен 08-826/1 на 22.02.2006 година во кој пишува: “Во прилог ви го испраќам работнииот текст на предлогот за донесување Деловник на Собранието на Република Македонија. Молам работниот текст да го разгледате и во функција на усогласување на ставовите, предлагам со по еден претставник од вашата и останатите пратенички групи и политички партии застапени во Собранието да одржиме заедничка средба во среда, 1 март 2006 година, во салата на Владата ма Собранието на Република Македонија”. Алтернативно го читам ова во секој случај да знае и јавноста и вие доколку немате дефинирано претставник, дали би се согласиле јас да се обратам до пратеник од вашата пратеничка група со кој би можел да разговарам по работниот текст на предложениот деловник. Доколку имате потреба од дополнителни информации, можете да се обратите до членовите на работната група на службата на Собранието на Република Македонија за изготвување на новиот Деловник: Рокса Георгиевска и Марјан Маџовски, потпис, претседател на Собранието на Република Македонија Љупчо Јордановски. Тоа е овој пропратен документ со кој што ви се испраќа работниот текст на Деловникот. Тоа е едниот.

Вториот, е исто од кабинетот на претседателот на Република Македонија заверен под број 08-826/2 од 22.02.2006 година. Во текстот пишува: “Во прилог ви го испраќам работниот текст на Предлогот за донесување на Деловник на Собранието на Република Македонија. Молам, работниот текст да го разгледате  и во функција на усогласување на ставовите предлагам со вас и со по еден претставник од пратеничките групи и други политички партии застапени во Собранието да одржиме заедничка средба во среда 1 март 2006 година во 10,00 часот во салата на Владата на Собранието на Република Македонија. Доколку имате потреба од дополнителни информации можете да се обратите до членовите на работната група на службата на Собранието на Република Македонија за изготвување на новиот Деловник, Рокса Георгиевска и Марјан Маџоски”. Потпис од тогашниот претседател на Собранието на Република Македонија Љупчо Јордановски. Значи ова се факти, ова е вистината. Не знам зошто се бега од тоа дека тој Деловник, не само вие, не викам дека само вие, туку сите пратенички групи тогашни и ЛДП и ВМРО ДПМНЕ и сите други го имале работниот текст на тој Деловник. Еве,

гледам некои од пратениците климаат, потврдуваат дека е така. Вие цело време укажувате на тоа дека никогаш не сте го имале во предвид работниот текст на Деловникот. Затоа мислам дека треба јавноста еднаш да ја знае вистината и како што кажав, без оглед дали некого во некое време почитуваме, или не почитуваме, институцијата претседател на Собранието на Република Македонија, сепак треба да се почитува и да се изнесат во друг контекст некои аргументи во однос на текстот на Деловникот кој што е предложен, а не да се бега од вистината, да се бега од тоа дека овој Деловник, како што кажав само со плус два члена е во Собранието, во овој законодавен дом, не во овој состав, туку е во овој законодавен дом веќе година дена. И, би сакал да укажам пред јавноста, пред сите други аргументи во однос на овој Деловник може да изнесуваме, но не груби невистини и непочитување на нешто што веќе е сработено и што е одработено.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретстедателе,

Јас не навлегувам во она што сега го образложуваше почитуваниот колега. Но сакам да кажам дека никогаш не е влезен во процедура тој работен текст. И еве го работниот текст кој што го имавме и вели: Предлог за донесување на Деловник, работен текст. И токму сакав да го покажам за да го потврдам она што мојот колега Слободан Најдовски го кажа, дека не се работи за нијанси, туку членот 3 би сакала да го прочитам каде што се вели, одредбата за употребата на јазиците се вели: пратеник кој зборува јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија, може на седницата на Собранието и на седницата на работното тело да зборува на тој јазик. Никаде нема, да се водат седниците на албански јазик. Токму тоа сакав да го кажам. Со овој нов Деловник кој што сега ни е предложен се сака на мала врата без да се донесе законот за употреба на јазиците да се воведе двојазичност во Собранието, а со тоа да се чепне и во државното уредување на Република Македонија. Значи, она што го говоревме почитуван колега, ова е тој работен текст каде што никаде не стои дека работните тела ќе се раководат на албански јазик. Излегов од говорница да ги покажам двата текста и да укажам на разликата. И ова е суштинска разлика за која што треба да отвориме дебата. Вие сте парламентарно мнозинство, ако имате намера почесно е да го донесете прво законот за употреба на јазиците, а потоа да говориме каде ќе се употребува албанскиот јазик. Ова е против уставна одредба вака како што сакате на сила да ги терате работите.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеникот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Пратеничката Роза се впушти во текстот по Деловникот. Но, ова беше по однос на процедуралната забелешка од пратеникот Макрадули. И затоа еве и во стенографските белешки пишува она што јас сум го изјавил. И тоа и го кажав. Јас никаде не кажав во своето излагање дека тој бил разгледуван. Јас само кажав дека бил доставен до координаторите на пратеничките групи а со тоа несомнено координаторите го доставиле до пратениците во тогашниот Парламент се со основна цел овој Деловник да се разгледа од работните тела и од Собранието и истиот да се донесе. Овој текст на Деловник на Собранието не беше разгледан, односно не беше ни донесен. Тоа го кажав. А додека од другата страна бев обвинет дека никогаш го немале видено тој работен текст на деловникот и дека со оглед на тоа прв пат се запознаваат со овој работен текст на Деловник.

**Иван Анастасовски:** Процедурално, три минути пратеникот Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Благодарам.

Процедурално морам да се произнесам по однос на тоа дека од госпоѓата Роза Топузова се искажа една неуставна категорија, односно кога рече: Треба да се протура албанскиот јазик на мала врата. Не, госпоѓо, албанскиот јазик е влезен во категоријата на уставна категорија. И ќе ве потсетам со читање на амандманот 5 каде пишува: На целата територија на Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо. Друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните исто така е службен јазик и неговото писмо, како што е определено со овој член. Процедуралната забелешка е тоа дека таа сакаше да каже, не уставна категорија во овој закон.

**Иван Анастасовски:** Јас ова повеќе го разбирам како реплика.

Продолжуваме со реплики.

Три минути реплика пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Значи, најголемиот аргумент на предлагачот господинот Вељаноски е дека овој текст на Деловникот кој го нуди парламентарното мнозинство денеска бил всушност работен текст и се разгледувал и се предлагал од минатиот состав на парламентот каде што СДСМ имаше мнозинство. И притоа, нашите тврдења дека тоа не е така и дека никогаш не ни започнала таква процедура, предлагачот Вељаноски ги нарече груби невистини. Ако се тоа груби невистини нашите тврдења, тогаш според мене е лага да се употребува таков збор дека нешто е груба невистина. Затоа што никогаш таквиот Деловник не влегол во процедура и се друго е неделовнички и не легитимна процедура на она на што вие се повикувате. Имено, јас можам да му простам, или да му прогледам низ прсти на лагите на предлагачот, затоа што нас не нарекува дека говориме груби невистини, затоа што тој не беше

пратеник во минатиот состав, а јас бев токму претседател на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања која по редот на нештата по самиот Деловник треба да води процедура за измени и дополнувања на Деловникот. До Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања одговорно тврдам дека никогаш од никого не бил доставен никаков ниту драфт, ниту работен текст, ниту предлог. Значи, ирелевантно е кој бил иницијатор за една таква процедура, па макар тоа бил и поранешен претседател на Собрание. Значи, во Собранието воопшто никогаш не е поведена постапка и не може тоа да се користи како главен аргумент. А на крајот на краиштата и да била процедурата, значи можеме сега да се надмудруваме околу тоа. Добро рече претседателот на Собрание ќе провери во Архивата. Значи, ќе го демантираме на тој начин и предлагачот. Ирелевантно е, битна е суштината што сакате да постигнете. Јас бев еден од тие пратеници и како претседател на Комисијата тогаш и одговорно тврдам за да ви ја покажам мојата непристрасност и објективност, иако бевме тогаш владеачка партија и парламентарно мнозинство, дека и се спротивставував неофицијално, бидејќи никогаш како претседател на Комисија не го добив тој Деловник па да Комисијата отвори расправа да се координираат пратеничките групи, постапка итн., мислења, предлози. Кога му се спротивставував на тогашниот иницијатор на поранешниот претседател на Собранието дека не треба да се оди со такви рестрикции и ограничувања во Деловникот, иако во тој момент како на владеачка партија нам ни одговараше политички тоа.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеникот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Пратеникот Кондарко во три минути кажа цело време зборовите:”лага, невистина, погрешно искажување”. Јас заради тоа да се види кај кого е вистината излегов повторно и со документи, со аргументи, со допис кој е заведен во архивата на тогашниот претседател на Собранието на Република Македонија го потврдив она што претходно во првото излагање го кажав, дека тој работен текст е доставен до координаторите на праттеничките групи и од тоа не треба да се бега. И, дека со тој работен текст кој што е доставен до координаторите на пратеничките групи запознаена е пратеничката група и овој текст не е прв пат сега што се гледа.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Иако мојата процедурална забелешка повеќе беше во однос на терминологијата која што и господинот Најдовски ја користеше. Во интерес на вистината да кажам, доколку таков допис тргнал од архивата, а не стигнал до пратеничката група, сега треба ризокот да го преземеме ние. Ако е така доставено до сите пратенички групи, зошто тогаш фамозната средба на 1 март не се одржала? Зошто ние, ајде СДСМ да не присуствувала на таа средба, ама ниедна пратеничка група не дошла на таа фамозна средба на 1 март што од една страна значи зборува за тоа како течела процедурата а од друга страна согласно Деловникот и Уставот, бидејќи во Уставот пишува експлицитно дека Собранието носи Деловник. Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања која треба да ја иницира целата постапка, како што сега имаме мислење од таа Комисија. Воопшто не добила информација дека се спрема нешто и дека некој Деловник треба да биде на дневен ред. И господинот Вељаноски точно кажува во своето излагање и тоа го пишува во стенографските белешки, беше изработен Предлог деловник со помош на експерти итн. Овој Деловник во почетокот на 2006 година бил доставен до координаторите. Тоа е вистина. Но, дека постоел Деловник во процедура, не е вистина, тоа е изолиран деловник и личен став нон пејпр на Љупчо Јордановски. А што се однесува до почитувањето на институциите, ме радува што ВМРО ДПМНЕ го променил ставот и очекувам во декември на излагањето на претседателот Црвенковски да бидат присутни во салата.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика за господинот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Добро е што господинот Макрадули откако излезе овој допис кажа дека до него бил доставен работен текст. Добро е и тоа што кажа, јас никаде во моето излагање не сум кажал дека влегол во собраниска процедура, а особено кај Комисијата за деловнички мандатно имунитетни прашања на Борис Кондарко кој што имаше поважна работа тогаш, имаше работа да одземе имунитет на еден тогашен пратеник. Значи, не треба да се бега од вистината дека овој работен текст бил доставен до пратениците и го виделе, прв пат сега не го гледаат. Добро е што и Макрадули сега кажа дека тој работен текст самиот Љупчо Јордановски не го работел, туку со експерти од Европската комисија, Национален демократски институт од Република Словенија и државни службеници. Затоа не треба да се бега од вистината дека година дена пратениците биле запознаени со содржината на предлогот на Деловникот.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути за реплика на пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Она што мене не ми е јасно во целото образложение на господинот Вељаноски е тоа што упорно се обидува да не убеди дека овој предлог, значи предлог-Деловник бил веќе доставен и веќе година дена е во Законодавниот дом, што апсолутно не е точно. Работниот текст за кој што тврди и кој што бил доставен до координаторите на пратеничките групи е сосема различен од предлогот на Деловникот кој што сега Комисијата го достави, господинот Трајко Вељаноски како негов предлагач.

Во претходниот работен текст воопшто нема предлог кој што ја регулира употребата на други јазици во работата на Собранието на Република Македонија. Затоа не ние, туку господинот Трајко Вељаноски, парламентарното мнозинство не треба да бега од вистината дека ова е нов Деловник кој што предлага, различен меѓутоа не во нијанси, туку во суштина од некој работен текст кој што се појавил во претходниот мандат, а кој што никој не го разгледувал.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам потпретседателе.

Сосема краток ќе бидам затоа што пратеничката Славица Грковска навлезе во одредбите на понудениот текст на Деловникот. Јас искажав дека има само два члена кои што се изменети, член 3 каде што е употребата на јазикот, и член 164 каде што е предвидено ден на гласање. Сите други одредби се согласно работниот текст на Деловникот кој што бил доставен на тогашните пратенички групи во март 2006 година. Тоа е вистината и не треба од тоа да се бега и добро е што тогаш нешто се сработило за да може овој пратенички состав да донесе Деловник согласно искажаните мислења на експерти од Европската комисија, Националниот демократски институт и други.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со претресот.

Има збор пратеникот господин Благој Зашов. Повелете.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Господине потпретседателе, колеги пратеници,

Поминаа 6 месеци од работата на новиот состав на Собранието. Како нов пратеник можев веднаш да констатирам дека со постојниот Деловник за работа не е можно ефективно да се работи. Тоа сигурно било и констатирано и за време на минатиот состав на Собранието, за што и претходно пратениците дискутираа. Токму затоа тој бил подготвен како нацрт на Деловник кој требало да биде усвоен пред изборите. Сегашната опозиција претпоставувам дека така се случило, побрза со закажувањето на изборите и затоа покрај другите работи што не ги заврши не успеа да донесе и нов Деловник. Но, тоа е минато и го споменувам само затоа да не се сфати дека донесувањето на нов Деловник е нова идеја за која е заинтересирано само владиното мнозинство. Но, да видиме каква е ситуацијата, каде сме сега, колку сме ефикасни во работата.

Една работна група во која што членував и јас се обиде да усогласи текст на Деловник изготвен според еден германски модел и во тоа не успеа. Сега во процедура е влезен текстот на нацртот на Деловникот изготвен минатата година, како што се констатира Деловник на господинот Јордановски. Вредноста на овој текст е што е изготвен по сугестија на поранешен пратеник кој во тоа време беше и претседател на Собранието. Оттука треба да се претпостави дека тој ја согледал големата потреба од менување на постојниот Деловник и затоа се нафатил или побарал да се изготви нов текст.

Мислам дека овој текст е добра основа за изготвување нов Деловник кој ќе одговара на потребите на најголемиот број пратеници и не само на нас, туку и на сите овде во Собранието, но и на државата во целина. Само да потсетам дека еден ден работа во Собранието според некои интерни пресметки чини некаде околу 25.000 евра. Секој ден помалку работа на Собранието на пленарна седница чини токму толку колку што споменав.

Да ги видиме проблемите на кои наидовме како пратеници во овие 6 месеци, а кои се поврзани директно со Деловникот.

Можам да констатирам дека Собранието е блокирано во својата работа. Има премногу законски проекти добиени од Владата и од пратениците кои се на дневен ред на неколку прекинати седници, други чекаат на ред да бидат разгледани во комисии и потоа на пленарна седница, а уште многу се подготвуваат во Владата или од самите пратеници. Ако продолжиме да работиме според правилата утврдени според постојниот Деловник нема да донесеме ниту една четвртина од законите ветени на Европската унија. Едноставно ќе дискутираме во недоглед, говорницата ќе ја користиме за политички маркетинг, ќе читаме реферати, стенографски белешки, ќе раскажуваме историја и сл.

За да не ми се случи мене да бидам еден од тие кои ја злоупотребуваат говорницата многу долго во наредните 7-8 минути ќе го кажам она што го мислам дека е најважно за новиот тек на Деловникот. Вкупно ќе зборувам околу 10 минути.

Пратениците се избрани од народот и тие не треба постојано да бидат овде во Собранието и на народот да му се обраќаат само преку говорницата. Народот сака да ги види на лице место, во изборните единици каде би можел да им пренесе што мисли за се она што се случува во земјата, па и во самото Собрание. Затоа предлагам еден ден, тоа може да биде петок или понеделник, Собранието да не држи седници за да пратениците имаат можност да закажуваат средби со граѓаните. За таа цел на пратениците треба да им се обезбедат и услови за контакти со избирачите.

Значи, организацијата на работата на Собранието мора да биде таква што ќе остави време за пратениците да можат да одат на терен.

Дискусиите на пленарните седници селективно мора да се ограничат. Тие треба да траат по правило до 10 минути за секој пратеник и за секоја тема. Секако ова правило треба да има исклучок за некои теми, како што е на пример Буџетот, измената на Уставот и сл. Исто така, би требало како генерално правило на новиот Деловник да се примени обратен принцип од

сегашниот. Имено, предлагам од генерално правило на траење на дискусиите од максимсум 10 минути да има можност Собранието со мнозинство на гласови да одлучи за некоја тема да го продолжи траењето на дискусиите и подолго од тие 10 минути.

Најглавната работа на Собранието треба да се префрли во работните тела. Таму би требало на пратениците да им се овозможи да ги изнесат и спротивстават аргументите и да ги расчистат дилемите. За тоа е потребно повеќе време, но сепак и тука да не биде без можност да се ограничат бескрајните дискусии.

Присуството на пратениците на седниците на работните тела и на заседанијата на Собранието произлегува од нивната обврска да ги изнесат ставовите на граѓаните по сите прашања на дневен ред во Собранието. Тоа не значи дека постои обврска и на пратениците на опозицијата задолжително да присуствуваат на седниците ако позицијата не обезбеди кворум од своите пратеници. Меѓутоа, користењето на институцијата отсуство од седниците заради блокада на работата на Собранието не е од корист ниту за опозицијата, а најмалку за државата. Затоа со Деловникот треба да се најде механизам за функционирање на Собранието за да не трпи државата. Тоа претпоставува присуство на седниците и од страна на лидерите на партиите. Уставното решение кое сега се користи од неколку пратеници до 6 месеци да не доаѓаат во Собранието е неприфатливо. Не верувам дека уставотворците имале на ум дека некои пратеници од свои лични побуди нема да ја вршат својата функција, а во исто време да добиваат плата. Мора да се најде механизам оној кој е избран од народот да биде пратеник да ја обавува својата функција. Ако не сака или ако не доаѓа подолго време на работа во Собранието да го отстапи местото на некој друг од листата на партијата од која доаѓа.

Успешната работа на Собранието зависи од условите во кои работат пратениците. Некои прашања околу овие услови можат да се решат со овој Деловник, а некои со посебен закон за Собранието или со Законот за пратеници.

Веднаш по усвојувањето на Деловникот предлагам да се иницира изготвување на нацрти на овие закони.

Рационалноста на работата за Собранието е потребно и поради фактот што пратениците учествуваат во разни делегации и ја претставуваат државата во повеќе меѓународни организации. За нивно успешно претставување во оваа таканаречена парламентарна дипломатија потребно е да се има време за подготовки, како и да се патува на состаноците на тие меѓународни организации или во билатерални средби.

Го завршувам моето излагање со заклучок дека има потреба од неодложно донесување на нов Деловник за работа на Собранието.

Исто така има потреба да се донесат и други прописи со кои ќе се уреди статусот на пратениците, како и да се обезбедат услови за нормална работа на пратениците како во самата зграда на Собранието, така и во општините каде тие би сакале и имаат потреба да се среќаваат со граѓаните. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Дали некој бара збор за реплика?

(Некои пратеници се јавуваат за реплика)

За да не се наруши редот, гледам од листата кој е на ред.

За реплика од три минути има збор господин Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитуван потпретседателе, јас верувам во искрените намери и добри намери на господинот Зашов што изнесе во својата дискусија, но сметам, изгледа не е намерно, но сакам да укажам на една ситуација, самите ние пратеници да не влеземе во една замка и самите да кажуваме дека пратениците и Парламентот се виновни за она што моментално се случува во Република Македонија.

Мислам дека целта, јас тоа на три седници наназад го зборував и на почетокот по оваа точка истото го предложив, мислам дека не треба да влеземе во сценариото на Владата и на претседателот на Собранието кои што сакаат да создадат хаос во Парламентот. Ова ќе го образложам со следново. Кажува господин Зашов, вели, дека ефективно не може да работи овој Парламент со постоечкиот Деловник. Господине Зашов, во изминатиот мандат со овој Деловник ова Собрание донесе 1000 акции, ова Собрание донесе 470 закони, и тогаш не работевме во понеделник, за да имаме можност да контактираме со своите избирачи. Она што вие сега го барате. Многу е битно како се менаџира работата во Собранието. До вас е господинот Петковски кој беше претседател на Собрание во еден мандат со уште полош Деловник од овој работеше и ја истера работата. Тука е господин Андов со уште полош Деловник, работеше, ја истера работата. Господин Љупчо Јордановски работеше со овој Деловник кој што сега сакаме да го менуваме. Донесовме 1000 акции, сега не можеме. Зошто не можеме? Така се менаџира работата намерно на Собранието, дами и господа, да се покаже дека пратениците се тие кои се виновни за моменталниот хаос кој се создава во Република Македонија. Кој ѓавол ги тераше да го предлагаат Законот за празници, да се расправаме овде 20 дена, кој ѓавол не тера сега да отвориме расправа за деловникот каде што нема ни еден потпишан претставник на албанците, ни од ДПА од владеачката, да не зборуваме од опозиционите партии. И ќе се расправаме и после ќе речеме Парламентот не е ефективен. Дијалогот е во ќор сокак, Брисел ни укажува, сите ни укажуваат, што треба уште клопотарци да ни стават на нас за да се свестиме малку. Затоа предлагав да не расправаме за ова. Затоа сметам дека ние како пратеници и вие од владеачкото мнозинство да не влегуваме во

замка со овој Предлог на Деловник што е предложен сега. И последен пат апелирам да не се повикуваме повеќе на Деловникот на таа работна верзија на господинот Љупчо Јордановски. Кажете вие што сега го предлагате ја предлагате суштинската разлика, а тоа е воведувањето на албанскиот јазик и мислам дека со тој деловник од претходниот состав, треба да се заврши. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика, пратеник господин Зашов Благоја, повелете.

**Благоја Зашов:** Благодарам.

Кога говорев за проблемите кои настанаа и за блокадата на Собранието не барам виновници. Јас како пратеник се почуствував блокиран бидејќи не оди напред работата на Собранието, бидејќи на моето биро има десетици, десетици, дурги законски текстови кои чекаат на ред. И кога 8 седници се одложени и не се завршени. Тоа значи, не ми беше целта да говорам за виновници, говорам во свое име како се чувствувам во еден момент кога гледам дека е блокирана работата. Мислам и убеден сум дека постојниот Деловник е една од причините и затоа кажав дека треба да се донесе нов деловник. По постојниот Деловник констатирав дека има долги дискусии, бескрајни дискусии, кои се непотребни, кои мене ме блокираат. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

По редоследот три минути реплика за пратеникот Марјан Додовски. Би ве замолил да дојдете од говорница, бидејќи ќе го изгубите редоследот на кој сте пријавени за збор. Повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам потпретседателе.

Значи, јас ќе имам една кратка реплика. Она што во однос на предложениот текст на Деловникот го имам ќе го кажам во мојата дискусија, меѓутоа она што сакам да го потенцирам во овој момент беше истакнато во излагањето на колегата Зашов е во однос на менаџирањето на седниците на Собранието на Република Македонија.

Значи мене ме зачудува фактот што колегата Зашов искажува одредено незадоволство кои точки биле или не биле на дневен ред на седницата на Собранието кога приоритетите на Владата кои излегуваат како законски проекти се доставуваат до Собранието на Република Македонија. НСДП како владин коалиционен партнер треба да има целосно увид во целата таа процедура и приоритетите. Значи, ако за НСДП како владин коалиционен партнер било отворено како прашање предлогот на Законот за празници, да биде ставен на дневен ред да го разгледуваме ние две до три недели и да изгубиме многу, многу време, занимавајќи се со Законот за празници, а не со суштински закони кои се поврзани со хармонизација на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија и посебно со оние закони кои се во рамките на економската сфера.

Од тука сега се поставува едно отворено прашање: од каде е збунетоста и на некој начин нејаснотиите зошто тие закони се ставени на дневен ред. Едноставно затоа што биле предложени од Владата, затоа што и НСДП како дел од Владата ги предлага тие закони. Од таа причина бил ставен на дневен ред и Законот за празници и други закони, а не други законски решенија. Тука се поставува прашањето дали НСДП има контрола на своите членови во Владата и едноставно дали имаат меѓусебна координација на тоа што излегува од Владата до Собранието на Република Македонија и по кои приоритети истото се става на дневен ред на седница на Собранието. Сосема е природно, оние материјали што ние како пратеници ги добиваме, во најголем дел како законски решенија, се излезени од Владата, значи се поддржани и од министрите на НСДП. Математиката е сосема едноставна и не гледам зошто кај колегата Зашов има одредена збунетост зошто тој закон бил разгледуван и ние пратениците сме се заморувале и сме губеле многу време. Едноставно од вашите министри поддржан закон беше ставен на дневен ред на седница на Собранието, беше ставен од претседателот на Собранието и природно беше сите ние да дискутираме по тие закони. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Благој Зашов. Повелете.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Зборував во свое име, не во име на партијата што ја претставувам, зборував за блокада на Собранието и јас како се чувствувам. А што се однесува на ова што ценетиот колега го истакнува, точки на дневен ред можат да бидат и овие и оние, Владата предлага и тоа доаѓа во Собранието. Меѓутоа, проблемот што јас го видов тука е во должината на дискусиите по определени точки и по определени законски проекти и имав впечаток како да се користат тие точки, тие законски проекти за да се одолжи, да се блокира работата на Собранието, што на крајот на краиштата не е во интерес ниту за нас во Собранието, ниту за државата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

По редослед на пријавените за реплика, три минути за пратеничката Валентина Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Само кратко ќе кажам. Почитувани колеги пратеници, кратка реплика: господине Зашов, затоа има во Парламентот пратеници и пратеници. Печатените и електронските медиуми ревносно ги забележуваат сите наши изјави и сите наши говори и јас воопшто не сум виновна што во претходните два дена Европскиот мешовит комитет доби лажни изјави и лажни заклучоци во кој дел од активностите беа дека е подобрена бизнис климата во Македонија. Со кој дијалог во Парламентот, со кои закони во Парламентот господине Зашов, со која блокада во Парламентот? Ние им го понудивме тоа како

заклучок на Европскиот мешовит комитет и тие воопшто не поверуваа. Тоа е една работа.

Втора работа, велиме дека е подобрена инвестиционата политика во Македонија. Со кои закони? Пратениците се виновни дека не се носат економските закони? Не, ве молам.

Значи ние имаме Закон за празници и ние го носиме Законот за празници 20 дена. Сега ќе го носиме Деловникот. Во минатиот состав со истиот Деловник се донесоа 989 закони. Така ли беше? Затоа, во претходниот состав неделникот "Форум" објави дека има пратеници од ВМРО-Народна Партија кои беа во петте најдобри.

Значи не е важно колкава е дискусијата, господине Зашов, и еден час и еден час и половина може да биде дискусијата, важно е што изговарате и што кажувате, како тоа се пренесува до граѓаните кои гласале за вас.

До колку Владата има намера да држи седници по 10 и 12 часа и да ги стави на дневен ред економските закони, за веднаш после тоа, идниот ден, да ги повлече, тогаш не знам за каков реален континуитет зборуваат или законите од Европската унија-ве прашувам виновни ли сме ние што Секторот за евроинтеграции ни вели вие дајте го брзиот воз на седниците. Ние да го дадеме? Па не ни се подготвени, тие ги немаме добиено. Како јас да ги ставам на седница? Можеме да се договориме секоја среда да носиме по еден закон. До мај месец имаме дата до која ќе мораме да ги донесеме. Ние ли сме виновни зошто не ги носиме? Или сега со овој Деловник тоа ќе го овозможиме. Се сомневам. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Благој Зашов. Повелете.

**Благој Зашов:** Морам на колешката Божиновска да и одговорам, затоа што очигледно не се разбираме. Јас зборувам за процедура, јас зборувам за блокада во процедурата, не за тоа дали Владата работи по 12 часа или колку законски предлози ќе достави до Собранието.

На едно прашање од претседателот на Миоиторинг комисијата во Советот на Европа како работи Собранието и колку се долги дискусиите, кога му кажав дека нема ограничување на дискусиите, тој рече ова е невозможно, можеби сте единствениот Парламент во кој секој пратеник може неограничено долго да дискутира и по неограничен број пати да се јави за дискусија. Тоа е вели нон сенс и мора нешто да чините. Затоа е вој предлог за ограничување на дискусиите.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Јас се обидувам да ја разберам, како што самиот кажа, блокираноста на господинот Зашов, зашто тешко е после 10 години поминати во странство и во дипломатија да седите овде во клупите и ќе најдам некое разбирање, но тука не помагаат емоциите ниту дофрлувањата од ВМРО-ДПМНЕ, нема ништо да му помогне.

Ќе реплицирам во однос на неколку тези од излагањето. Упорно блокираноста се префрлува на пратениците, ама ако може и од опозицијата да бидат. Кажете како да работиме неблокирачки или дали е можно да се работи кога само минатата недела во четири дена беа закажани четири различни седници со по десетина точки, како да гледаме просек, едната беше со пратенички прашања, едната беше со 35 точки, со 10 или 15, ако на четири различни седници во четири дена треба да бидат завршени во период од 11 до 18 часот, а притоа тоа се закони кои немаат врска со економијата туку со идеологијата. Реков, со Законот за празници малку се врати свеста во народот кој е за Тодор Александров, кој е за другата варијанта.

Втора работа: беше кажано дека овој деловник или постојниот деловник не донел ништо или не сме ја завршиле работата. Не, минатото парламентарно мнозинство со помош на коалиционите партнери, со помош на свесните пратеници во Собранието донесе 1200 акти и закони, ама завршивме и една многу покрупна работа, заедно со Владата, станавме земја кандидат за членство во Европската унија. Очекувам тоа барем малку вие да го почитувате и повеќе да го разликувате од некои други пратеници, но блокираноста очигледно трае и продолжува и таа блокираност не сакате да ја погледнете лево од вас. Проверете колку пати заради кворум, заради вашиот претседател не сте имале кворум како парламентарно мнозинство, па не фрлајте дрва и камења на опозицијата, а вие во сопствените редови не можете да расчистите и да соберете 61 пратеник, па после ние сме ви виновни од опозицијата. Затоа, со демагогија овде ништо нема да помогнеме. Ако можеме, она што беше интенција на предлагачот Трајко Вељаноски, а тоа е да дадеме предлози и забелеки и да донесеме деловник кој ќе биде поддржан од сите пратеници. Значи да одиме со таква варијанта да не ги бараме виновниците, туку да дадеме предлози кои ќе помогнат во доставувањето квалитетни решенија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Благој Зашов, повелете.

**Благој Зашов:** Колега Макрадули, не знам дали ме жалите или ме фалите што 10 години сум бил во дипломатија и не сум ја следел работата на Собранието. Не е целта на тоа да кажеме дали опозицијата е виновна за блокадата. Јас реков дека сите пратеници треба да бидат присутни, да се дискутира и рационално да се работи и ако добро слушнавте, споменав дека сите лидери на партиите треба да бидат тука. Прашање е кој колку бил тука, можете да проверите, не сакам да споменувам. Сепак, морам да кажам дека процедурата е во прашање, Деловникот не овозможува да одиме напред, а тоа што има

премногу точки на дневниот ред, тоа е заради работата и на самите пратеници и на Владата и ние ќе одиме напред ако го измениме Деловникот и ако работиме рационално. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Ќе се обидам да се произнесам во времето што ни останува, но има и уште денови за дискусија.

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, почитуван предлагач на Деловникот,

На самиот почеток би сакал да кажам дека по одбивањето на процедуралната забелешка од колегата Слободан Најдовски да расправаме по законите кои се од економската сфера, закони кои ги засегаат граѓаните, закони што директно влијаат на начинот на нивниот живот и на крај закони кои толку многу ги ветуваше ДПМНЕ во нивната предизборна кампања. За жал, со одбивањето да се говори по тие закони и оние малку кои ни се доставени во Парламентот, очигледна е намерата на Владата да ја префрли одговорноста токму врз законодавниот дом и ние да бидеме тие што ја кочат или сопнуваат Владата во “100 чекори во преродбата на Македонија”. За жал, овде со денови дебатираме за закони кои со ништо не го подобрија, барем до сега, животот на граѓаните, а ако се одразуваат онака како што се одрази Законот за здравствена заштита не во корист на пациентите туку од досегашната примена видовме на штета на пациентите, и другите закони, можеби подобро да не ги носиме тие закони. Тука ќе го спомENам Законот за празниците, при што реков не гледам со што би го подобрил квалитетот на животот на граѓаните на Република Македонија и зошто толку многу се брзаше да не оди на јавна расправа, како што беше предлог да ги слушнеме мислењата на експертите и ако господинот претседате-жалам што не е тука присутен-кажува дека некој не го почитува договореното на координација, тој е прв кој што во однос на Законот за празниците не го почитувше она за што се договоривме на координација. Тоа беше Законот за празници да оди во две фази и не остави со денови да дебатираме и да се кршат копјата, или како што тогаш кажав и ќе повторам, го фрли јаболкото на раздорот и ние со 20 дневна дебата не дојдовме до никаков заклучок, а целата придобивка ќе беше Водици да биде прогласен, ако се оди со толку брзање, за празник на Република Македонија или пак со јавната дебата ќе се одложеше празнувањето на Голем петок.

Ова го кажувам, која е тактиката и начинот со кој оваа Влада со помош на парламентарното мнозинство, пред се со претседателот на Собранието на Република Македонија, го одвлекува вниманието на граѓаните и целата вина ја насочува токму врз нас пратениците, односно законодавниот дом. Сега имаме иста ситуација, повторно ни е предложен деловник, овој пат не директно од Владата туку индиректно преку своите пратеници од парламентарното мнозинство, се предлага деловник за кој исто така ќе треба на долго и широко да дебатираме, затоа што деловникот е многу важен за понатаму како ќе се одвива работата во законодавниот дом.

Би сакала тука да кажам на самиот почеток неколку суштински забелешки, пред да поминам на конкретните забелешки во однос на Предлог-деловникот.

Прво, почитувани колеги од парламентарното мнозинство, имаше констатација дека навистина ни треба деловник, кој во некоја смисла ќе придонесе за да се подобри работата на Парламентот. Особено се покажа дека ни треба деловник кога оваа Влада почна како пракса да ни доставува амандмани по законите кои ни ги беше предложила, со кои суштински се менуваше текстот на законот и ние немавме можност, односно немавме право на тие амандмани на така изменетиот закон амандмански да интервенираме. Очигледно дека тука имаше некои недоречености и за тоа сите се согласуваме. Меѓутоа, почитувани колеги, не е добро овој деловник да се донесува на почетокот на мандатот. Добро е да дебатираме по овој деловник, да ги приближиме барем до некаде нашите ставови и мислења и потоа да го донесеме деловникот со важење од следниот мандат, затоа што ако веќе толку многу се повикуваме на европските парламенти така се прави во сите европски парламенти, се носат законите на крајот на мандатот. Впрочем и претходниот Деловник е донесен на крајот на мандатот кога парламентарното мнозинство беше ВМРО-ДПМНЕ. Значи не на почетокот на мандатот, на крајот на мандатот се донесе, а се применуваше од 2002 година со новиот мандат. Значи ќе беше добро и за нас и за демократијата во Република Македонија овој деловник да го донесевме на крајот на мандатот. До колку веќе не се почитува тоа и парламентарното мнозинство во свој манир и стил на сила сака да истурка некои работи, неводејќи сметка за дијалогот, тогаш јас би апелирала, почитувани колеги, барем во овој момент да постигнеме широк консензус при донесувањето на овој деловник. Многу лошо е за демократијата во Република Македонија, многу лоша порака ќе испратиме од овој законодавен дом ако овој Деловник се донесе со 61 глас, само со 61 глас. Овој деловник е за нас за пратенците и по овој деловник треба да работиме ние, а не Владата почитувани пратеници. На Владата можеби и и одговара ваков деловник, но треба да знаеме и сите заедно да направиме нешто кое ќе биде корисно и за работата на пратениците, затоа што пред се пратениците ја имаат добиено довербата од народот, пратениците се оние кои се бираат на непосредни избори, а Владата се избира со 61 глас. Дали би требало почитуван претседателе да ја искористам новововедената пракса од господинот Ѓорчев, во моментот кога тој појадува или можеби вечера со господинот Буш, да ги побарам камерите, да се насочат кон парламентарното мнозинство, да видиме колку

тие се заинтересирани за деловникот кој што ни го нудат или можеби тие единствено се заинтересирани да дојде до скратувањето од 10 минути, една суштинска измена, да ја замолчат опозицијата или можеби најдобро би било и опозицијата да не присуствува во дебатата, да влезе само кога ќе треба да се обезбеди кворум.

Почитуван потпретседателе...

**Иван Анастасовски:** Добро, рековте претседателе, јас мислев тоа се однесува на господинот Љубиша.

**Роза Топузова Каревска:** Се извинувам, можеби беше грешка. Значи практикуваме...

**Иван Анастасовски:** Ја следи седницата, бидете сигурни во тоа. Повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Добро. Значи, нема баш некој значителен интерес кај колегите од парламентарното мнозинство.

**Иван Анастасовски:** Ве слушаат, ве слушаат. Слободно говорете.

**Роза Топузова Каревска:** Една од суштинските забелешки што гледам дека е приоритет на парламентарното мнозинство да се воведе албанскиот јазик, да се заседава и да се раководат работните тела.

Почитувани колеги пратеници,

Треба да бидеме доследни во своите ставови кога сме во опозиција и кога сме дел од парламентарното мнозинство. Немам да се навраќам на дебатите по однос на некои закони што овде се водеа, дури и до покренувањето иницијатива за референдум, но вака, воведувањето на албанскиот јазик преку Деловник, со неносење на законот за употреб на јазиците, ќе сметам дека Собранието, односно парламентарното мнозинство сака на мала врата да ја воведе употребата на албанскиот јазик. Едно е да се говори на седница, едно е да се говори на работното тело, но друго е да се водат пленарните седници и да се водат работните тела на албански јазик. Тоа, почитувани колеги е воведување на класична двојазичност во Република Македонија, без да се донесе закон за употреба на јазиците.

Точно е, имав реплика, односно се искористи, се злоупотреби правото на процедурална забелешка од почитуваниот колега од ДПА, кој се наврати на амандманот 5 кој произлезе од Рамковниот договор. Да, почитуван колега, но треба работите да ги читаме до крај.

Амандманот 5 вели: - На целата територија на Република Македонија во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, исто така е службен јазик и неговото писмо, но како што е определено со овој член.

Понатаму, со овој член се вели дека се определува со закон.

За тој закон зборуваме ние од Либерално демократската партија. Донесете го вие, вие сте парламентарно мнозинство, вие сте оние кои можете да го донесете законот за употреба на јазиците, преземете си ја таа одговорност, а потоа ќе видиме како ќе се употребува албанскиот јазик во Законодавниот дом. Ние ќе го почитуваме тоа. Вака, подметнувајќи “кукавично јајце”, за нас е неприфатливо и ние ќе се спротивставиме и ќе ги искористиме сите процедурални можности за да не помине вака доставениот Деловник. Не е добро, не само како што кажав за Законодавниот дом, туку ова не е добро за Република Македонија воопшто.

Слушнавме, не само во дебатата на претходниот колега, чии ставови и мислења исклучително ги почитувам, туку и овде цело време се зборува дека со ваков Деловник се блокирало Собранието.

Не е точно почитувани колеги. Напротив, како што беше спомнато, со тој ист Деловник, со кој што работеше парламентарното мнозинство и со присуство на една пратеничка група која имаше говорници кои можеа по неколку часови да дебатираат, успеавме да донесеме преку илјада законски акти од кои, околу 480 закони. И, да ве потсетам, токму со тој Деловник ги донесовме законите што не приближија до Европската унија и Македонија го доби кандидатскиот статус. Значи, ништо не не попречи во намерата да ги донесеме.

И тој Деловник, онака како што ни нудеше решенија, само еднаш, да ја потсетам македонската јавност и вас пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, само еднаш побаравме ограничување при носење на Буџетот од десет минути и тогаш се случи она што на сите ни е познато во Парламентот. Имено, тропање, транспаренти “Среќна Нова” и не знам што уште не. Се забавуваше неколку ноќи македонската јавност. Ние бевме упорни, работевме и покрај тропањето ги кажавме своите ставови и повторно се донесе Буџетот.

Значи, во никој случај не можеме да кажеме дека претставува пречка Деловникот за да не може да се донесе определен број на закони. Реков дека прво Владата треба да има стратегија, доколку е искрена во своите намери, доколку сака искрено да се држи до  она што им го вети на граѓаните, да се доставаат закони од економската сфера. Гледате дека дебатата по нив не трае долго и многу брзо со консензус, за консензус мислам на не долги дебати, тие закони да се донесуваат во Парламентот.

Понатаму, почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, би сакала сосема на кратко да се задржам уште малку на ограничувањата. Мислам дека не е добро со она што ни го нуди парламентарното мнозинство односно предлагачите да се ограничи на десет минути и со тоа да се замолчи опозицијата и тука, да се потсетиме на дискусиите што беа водени во однос на ограничувањето од десет минути.

Тука јас би запрела, но си земам за право да продолжам и да направам една поцелосна

анализа на Деловникот. Ова беа принципиелните ставови на Либерално демократската партија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Кој од пријавените е за реплика?

Повелете, три минути за реплика господинот Рамадани Агим.

**Агим Рамадани:** Благодарам.

Принуден сум да реплицирам на госпоѓата Роза Топузова Каревска поради тоа што на неколку наврати сакаше да ни укаже дека оваа Влада, ова парламентарно мнозинство треба да ги закочи овие закони што се директно поврзани со имплементирањето на Охридскиот договор. Со тоа, ни нудеше една друга категорија на прифаќање на закони од економска сфера. А, да ја потсетам госпоѓата дека и таа беше во парламентарното мнозинство во претходниот мандат. Знаеме каков беше нивниот став.

И од ДУИ и од СДСМ и од нејзината партија и сите други коалициони партнери тогаш кажаа дека Охридската спогодба е при крај поради тоа што истата е преточена во институционалниот сегмент на државата, т.е. Уставот на Република Македонија. А, денеска сме сведоци дека од тоа нема ништо.

Оваа Влада ќе истрае на тоа, ќе ги донесе и законите за јазиците, ќе го спроведе Уставот така како што е напишан и целосно ќе ја имплементира Охридската спогодба. Нихилистички прогнози, закани со војна, нови конфликти, заканувања, опструкции, долги дискусии, недоаѓање на седниците на Парламентот, тоа е кочење на Охридската спогодба. Брзо донесување на закони, како што почнува оваа Влада, ова парламентарно мнозинство оди во насока на добри односи помеѓу најголемите заедници во Македонија.

Што се однесува до албанскиот јазик, ќе направам само една компарација ќе посочам, сигурно впечаток следи, завчера беше во сите весници на Република Македонија, една компаративна анализа кога во Прешевската долина процентот на Албанците е 2% во Србија, еден пратеник Албанец е избран во Српското собрание, а албанскиот јазик е воведен како втор јазик во тоа Собрание и сите документи што се од Собранието се пишувани и на албански јазик. Ова е во нашето соседство, а ние сме 25% и нешто, според статистичките податоци. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот госпоѓа Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Во ниту еден момент не спомнав ниту војна, ниту немири, ниту пак помислив на тоа. Оној кој мисли, најверојатно и го кажува од говорницата.

Но, да ве потсетам, сега сте вие дел од парламентарното мнозинство. Вие ја имате власта. Вие ја имате одговорноста за она што ќе се случува во Република Македонија од сите аспекти на опстојувањето: безбедност, економија и да не набројувам.

Тоа што сега го кажавте како последно, не знам зошто ни го кажувате нас, на опозицијата. Тоа се барања што ќе ги испорачате на вашиот коалиционен партнер. Нема зошто нам да ни кажувате.

Што се однесува до Рамковниот договор, јас не реков ништо против тоа. Напротив, реков донесете го законот за употреба на јазиците. Тогаш ќе зборуваме за тоа каде ќе се употребува. А не вака, на еден нечесен начин да се подметне и да се воведе албанскиот јазик во Собранието.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Селмани Елмазе, повелете.

**Елмазе Селмани:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, сакам да ја потсетам госпоѓата дека службен јазик во Македонија е и албанскиот јазик, нешто што е гарантирано со Уставот, а Уставот треба да се почитува како од мнозинството така и од парламентарното малцинство.

Ниту Деловникот, ниту законите не може да бидат во спротивност со Уставот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеник Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Се разбираме во едно дека треба да се почитува Уставот, но не се разбираме во начинот на толкувањето. Очигледно дека секој го толкува од свој аспект.

Уставот нема повеќе аспекти на толкувања. Има само еден, а тоа е она што таму е напишано. Затоа јас повикав да се почитува Уставот, а не со подметнување на некое решение да се доаѓа до некои решенија што се само ветени од ВМРО-ДПМНЕ до нивниот коалиционен партнер ДПА.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Трајанов Павле, повелете.

**Павле Трајанов:** Господине потпретседателе, почитувани пратеници,

На почетокот на оваа расправа јас исто така сакам да искажам неколку начелни з абелешки и укажувања.

Прво, мислам дека со овој деловник се прави исчекор натаму и ќе се зголеми рационалноста и ефикасноста во работата на Парламентот. Парламентот е претставнички дом на граѓаните, дом на граѓаните и воедно носител на законодавната власт. Од тој аспект мислам дека Парламентот носи огромна одговорност дали политиката на Владата што се преточува во предлог на закони ќе се реализира согласно динамиката што е зацртана.

Јас сум сигурен дека сите пратеници чувствуваат одговорност, сите законски проекти што се во

функција на побрзо чекорење кон Европската унија, за членство во НАТО, дека ќе бидат донесени во една процедура што значи скратување на сите можни рокови. Според сите досегашни искуства, сите држави што биле кандидати за влез во Европската унија, обезбедувале единство од сите политички партии, од сите парламентарни партии, вонпарламентарни и законите се носени во една, да речам експедитивна постапка.

Во таа насока сакам да укажам дека, независно од тоа каков деловник ќе донесеме, ако не постои политичка волја за брзо да ги менуваме работите, Парламентот може да биде во целина кочница на реформите во државата.

Јас сум против тоа со деловник да се ограничува правото, како што сега тоа го нагласуваат некои од пратениците од опозицијата, дека се ограничува правото на опозицијата да зборува, затоа што ако сака опозицијата да ги злоупотребува деловничките и тогаш кога се дадени десет минути, замислете 40-тина минути пратеници по десет минути колку долго ќе зборуваат, па сите по два пати да побараат деловничка интервенција итн, тоа значи дека тој процес може повторно да се кочи.

Но, исто така сум против тоа да има одредби кои ќе ја развлекуваат процедурата, постапката во недоглед. Навистина, користејќи ги тие одредби, ќе се кочат овие процеси.

Мислам дека овде има многу да се зборува за деловникот. Има и добри решенија. Има решенија што треба да се подобрат. Јас и во претходната расправа, во подготовката на овој деловник сугерирав да се формира една експертска група од експерти од Правниот факултет и други експерти кои и технички, но и инаку ќе ги подобрат одредбите на Деловникот, бидејќи тие мора да бидат недвосмислени и лесно применливи. Треба да се размисли во таа насока дали во јавната расправа нема потреба од една таква експертска група која ќе ги сублимира сите укажувања, сите забелешки од оваа расправа, па и од расправата што ќе се одвива после првото читање.

Натаму, сакам да укажам дека е многу битно на почетокот, околу конституирањето на Парламентот да стои многу јасна одредба дека, доколку претходниот претседател не го свика Парламентот во рок од 21 ден, дека Парламентот се свикува самиот, но не стои, таму вели “по завршувањето на изборите”. Мислам дека одредбата треба да биде јасна, дека по завршувањето на изборите, меѓутоа доколку се избрани 2/3 од пратениците. Вака, знаете дека има различни толкувања, можеби некој ќе инсистира да завршат изборите за сите 120 пратеници, па тогаш може да се развлекува промената на власта. Тоа е една основна забелешка што уште нотирана на почетокот на овој деловник и треба да се расчисти.

Натаму, во одредбите за прво, второ читање, непотребно се става одредба, практично да нема прво читање на деловникот, доколку нема таков предлог од 15 пратеници. Мислам дека е добра досегашната парламентарна пракса, со деловникот, по предлог на закон или предлог за донесување на закон да има општа расправа, а не по автоматизам да се преминува на второ читање, доколку нема предлог за расправа од најмалку 15 пратеници.

Втора генерална забелешка е таа што во деловникот многу пати се спомнува или главно тежиште е дадено на пратенички групи. Пратеникот е уставна категорија, а не пратеничката група. Во некои решенија се елиминираат пратениците, се зборува за пратеничка група, за група од 5 пратеници, што мислам дека не е добро како решение, бидејќи има партии кои се застапени, посебно од националностите, со еден пратеник. Но, и други партии кои немаат пратеничка група се елиминираат во голем дел деловникот да имаат такво учество околу предлагање на решенија сврзани со донесување на законските акти. Тоа прашање треба добро да се види и од уставен аспект, бидејќи може деловникот да падне, бидејќи претставува еден мал Устав, што е многу битен за ефикасно функционирање на Парламентот и ефикасна работа на сите пратеници.

Сигурно дека има многу други одредби што треба да претрпат подобрување. Еве, јас оставам простор во натамошната расправа подетално за секој член да дадам свои согледувања и предлози. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За реплика се јави пратеник госпоѓа Шекеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам.

Јас би сакала да се согласам со некои од тезите што ги кажа пратеникот Трајанов, меѓутоа, мислам дека преголем акцент ставаме на барањето да имаме експедитивни постапки. Сите само за тоа зборуваат дека сегашниот деловник ги блокирал процедурите, дека ако сме биле толку бавни никогаш нема да успееме да ги завршиме нашите домашни обврски и т.н.

Целата опсесија со експедитивност може да биде многу опасна, ако експедитивно можеме да ги поправаме работите уште поекспедитивно можеме да ги упропостуваме работите. Дека не зборувам напамет говори и примерот со дебатата во претходните неколку дена. Погледнете само дискусијата која се водеше за законите кои ги допираат електронските комуникации, сега и радиодигузијата, ќе видите дека тоа се закони кои долго време се усогласувале со Европското законодавство, тони хартија се напишани да се бранат ставовите, да се покаже дека тој закон е усогласен со европските стандарди, на секоја точка и запирка се внимавало.

Исто така сме добиле многу сериозни анализи од страна на Европската комисија за да на крај добиеме оценка дека тој закон е во ред и дека ќе се смета за напредок за Република Македонија. За тоа потрошивме можеби повеќе од неколку

месеци за да во една експедитивна постапка додуша втор обид за таква постапка во ова Собрание, прешкртаме се што било сработено. Собранието се претвори во експедитивна машина за поддршка на Владата. На тој начин всушност не се изврши усогласување на европското законодавство на кое секој пратеник и говорник денеска се повикува, не, на тој начин Македонија еден чекор ја вративме назад во усогласувањето со европските регулативи.

Дека во ова Собрание постои сенс за теми кои не се спорни, за одлуки кои не се спорни, за одлуки кои се потребни на Македонија се покажа и во овој собраниски состав на пример околу одлуките за наша поддршка на некои НАТО мисии.

Сите сте свесни дека секој од тие закони во куса постапка од еден до два часа се носи, се усогласува, се гласа и Македонија може да се покаже како држава во која постои консензус околу основните прашања.

Значи, не е проблемот во тоа дали пратениците ќе имаат ограничување кој од 10 или 5 минути, проблемот е во тоа што Владата праќа по несериозна постапка несериозни предлози. Тоа со Деловникот не можеме да го промениме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Само накусо.

Јас мислам дека Владата е одговорна и ја знае процедурата како се подготвуваат закони и како тие закони треба да бидат усогласени, согласно европските прописи и стандарди. Сигурен сум дека за сите тие закони и Секторот за евроинтеграција, но и Владата во целина прави соодветна консултација и кога доаѓаат во Парламентот тие закони би требало да бидат усогласени со тие стандарди.

Јас не сум сигурен дека Парламентот може многу да придонесе во подобрување на квалитетот, поготово што парламентарците меѓу кои немаме експерти кои можат да помогнат, да разработат одредена област на материја и да ни дадат решение кое ќе биде во функција на подобрување на квалитетот на законските прописи. Но, мислам дека тоа прашање можеби понатаму ќе биде предмет на расправа.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Колегата Трајанов во една своја реченица вели дека можеби постоечкиот Деловник може да биде злоупотребен од страна на опозицијата.

Колега Трајанов до сега овој Парламент работи неколку месеци, сакам одговорно да кажам дека опозицијата во ниту еден наврат го нема злоупотребено за свои цели и потреби овој Деловник.

Најголемиот злоупотребувач на овој или на било кој друг Деловник и најголем кочничар на ефикасноста на овој Парламент не може да биде никој друг освен Владата на Република Македонија, во одредени ситуации парламентарното мнозинство. Ќе ви кажам зошто.

Ако Владата на Република Македонија предлагаше закони кои се добро подготвени, проверени со Европската комисија, претходно консултирани заедно со опозиционите партии во овој законодавен дом ќе имавме само поддршка и кратки и ефикасни дискусии. Но, тоа не е случај. 14 дена расправаме за празници кои предизвикуваа само кондрадикторни мислења и притоа кој е тука одговорен? Владата на Република Македонија е таа што ги предлага и на крајот на краиштата вие ја немате именката “мнозинство” само за да биде ставена на хартија, таа именка е тоа што граѓаните ви дале доверба на претходните парламентарни избори да бидете мнозинство во ова Собрание. Конечно почнете да се однесувате како мнозинство. Ќе видите дали тогаш Парламентот нема да биде ефикасен или ефикасен.

На крајот, последниот случај со Законот за електронски комуникации го потврдува она што претседателката на СДСМ пред малку го кажа. Се обидувате да донесете на мала врата закон кој е директно поврзан со постоечкиот статус на Република Македонија во интеграцијата кон Европската унија, но и кон нашата иднина.

За овој закон не постоеше мислење од страна на релевантни европски институции. Впрочем и да сакаме да ви веруваме дека постоеше позитивно мислење за законот, претпоставувам дека Комисијата за европски прашања ќе го одржеше својот состанок и претседателот на таа Комисија Тито Петковски ќе сакаше да се пофали пред своите колеги пратеници. Бидејќи тоа не е случај мораме пак да констатираме дека се злоупотребува и постоечкиот Деловник и постоечката процедура и во форма, но и во содржина од никој друг освен од парламентарното мнозинство. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Сакам само да го потсетам пратеникот Ивановски дека повеќе од 45 дена се водеше расправа за Законот за полиција, мислам дека беше најкарактеристичен пример како може да се злоупотребува Деловникот.

Кога зборував дека и новиот Предлог деловник и тој може да биде во функција на развлекување на работата, не за постојниот, можеби погрешно ме разбрал или јас сум рекол така.

Меѓутоа, сакам да нагласам дека не е доволно само од претседателот на СДСМ госпоѓа Шекеринска и од пратеникот Ивановски јавно да се декларираат дека сите сме за влез во Европската унија и НАТО. Како што беа активни кога беа на власт треба на ист начин да бидат вклучени во сите процеси Парламентот да има

активна улога во приближувањето кон стандардите на Европската унија. Тогаш тоа ќе го препознаат граѓаните и ќе го респектираат.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине потпретседателе, колеги пратеници,

Зошто се потпишав на овој Деловник како предлагач? Од две причини.

Прва и основна причина што повеќе од година ипол ние како пратеници во минатиот состав и сегашниот разговараме дека постоечкиот Деловник покажува одредени слабости и често пати се наоѓаме во конфликтни ситуации дека поради недореченоста на Деловникот дека имаме вакво или онакво право, тоа треба да го елиминираме и да знаеме точно кои се правата и обврските како и одговорностите на пратениците.

Тоа е едната работа.

Другата работа што мене лично многу ми пречеше од која причина се потпишав како предлагач на овој Деловник иако имам забелешки на предложениот текст е односот Собрание - Влада.

Ако нешто ми пречело, ова ми е петта година како пратеник, што Владата имала право да поднесува амандман и по истекот на времето за поднесување на амандмани на пратениците и со тоа видно влијаела на работата на Собранието во правец на менување на законските текстови, во правец на доставување на амандмани кои веќе биле расправани на комисиите, тоа сите го знаете, што не е право кое го користела оваа Влада, туку право кое го користеле сите досегашни влади.

Поради таквиот начин на работа Собранието своето ниво како законодавен дом веројатно го губи и паѓа на скалилото надолу.

Основна причина што поддржав ваков концепт на Деловник е затоа што со овој текст кој е даден сега, овој концепт што е направен, оди во насока на промена на ваквиот начин на односот и правата на поднесување амандмани Влада - пратеник.

Јас лично сакам да се елиминира таквиот начин на работа Собранието навистина да стане законодавен дом низ расправи во комисии и на пленарна седница, да носи закони кои Собранието низ расправата пратениците ќе ги креираат решенијата на тие закони. Нормално останува правото на предлагач, меѓу другото, правото на Владата да предлага закони.

Во предложениот текст и концепт кој е граден значително се менува работата на Собранието. Работата на Собранието се менува во два правци.

Прво, се менува и се воведува временско димензионирање на дискусиите на пратениците, што за мене не е никакво ограничување, туку е право на секој пратеник да се обрати по било кое прашање и да го изнесе својот став, меѓутоа, да биде временско димензионирање за да не се злоупотребува, бидејќи овој состав, минатиот и пред минатиот вршеле злоупотреба поради недимензионирани дискусии, а ние сме една од ретките земји кои тоа не сме го регулирале на овој начин.

Дали ќе бидат 10, 15, 20 или 7 минути, тоа е прашање на расправа и договор во Парламентот. Ние ќе донесеме одлука и ќе изградиме став дали ќе бидат 10, 15, дали еднаш или двапати ќе се јавуваме. Низ дебата мислам дека ќе дојдеме до заедничко решение. Тоа е едната работа.

Другата работа, комплетно се менува начинот на функционирање на комисиите. Комисиите почнуваат да добиваат, со ваков концепт, причина за нивно постоење. Бидејќи најголемиот дел од расправата ќе се води во Комисијата. Комисијата ќе си го добие своето место и таму ќе се расчистуваат сите спорни прашања, ќе се разгледуваат амандмани, ќе се разгледуваат предлози на пратеници. Се она што нема да се расчисти на комисиите нормално дека ќе дојде на пленумот и во еден поширок состав ќе расправа, по тие неусогласени прашања, пленумот.

Значи, законот ќе влезе во собраниска процедура и во сите три фази ќе се расправа во Собранието. Тогаш било која влада, не оваа која јас ја подржувам, можеби идната и сите други влади во иднина не ќе можат да влијаат на текстот кога ќе влезе во собраниска процедура по истекот на рокот за амандмани за сите предлагачи, бидејќи Уставот разликува предлагач-пратеник, Влада и 10 илјади граѓани. И за законски проекти и за амандмани. Ние од ова не можеме да избегаме.

Сега, кога сме кај тоа прашање, морам да напоменам дека во овој Деловник токму тука на ова прашање има нерасчистени работи, бидејќи воведуваме пратеничка група, воведуваме 5 пратеници, 15 пратеници како за прво читање да предложат и т.н., вие го видовте текстот и ги знаете тие предлози, меѓутоа, треба да се вратиме на уставното решение дека тој разликува пратеник како предлагач и на законски текст и на амандман, значи не може пратеничка група како група, како предлагач да се појави надвор од она што Уставот предлага. Пратеничката група е организација на пратеници од иста или од различни политички партии заради функционалност во Собранието, заради сместување, организационо вакво, такво, меѓутоа, никако не може да се појави како предлагач на било какво решение. Значи, мора да се вратиме на ова.

Во оваа насока имам дадено многу забелешки кои се на сајтот, дадени се до работната група која го изработуваше текстот, меѓутоа, тука концептуално не се менува, туку се дотерува ваквиот концепт на Деловникот.

Тоа беа основните причини поради кои јас се појавив како предлагач и ја подржав првата фаза односно потребата за донесување на нов Деловник, која е евидентна, која се утврди во сите

комисиски расправи, до сега никој не ја оспори потребата од донесување на нов Деловник, бидејќи до сега видовме дека Деловникот по кој работевме и по кој многу сработивме покажува одредени слабости, дава можности за конфликтни ситуации меѓу пратениците. Ако е така, дајте да ги елиминираме. Ние сем законодавци, ние ќе го донесеме Деловникот, Деловникот е акт кој важи за Собранието, тоа се правила за нашата работа. Ние мора да ги изградиме тие правила низ една отворена и јасна дебата.

Гледам дека многу пратенички групи, многу пратеници поединци дале забелешки кои ги има на сајтот на Собранието и кои, можам да кажам, во голем дел, барем преку 70% се совпаѓаат. Значи, тука немаме различности по однос на концептот на Деловникот, туку имаме решенија кои нудат одредени пратеници за да го подобриме концептот на овој Деловник.

Мислам дека со ваков концепт на Деловник Собранието ќе си го добие вистинското место. За она што зборуваа сите пратеници до сега ќе си го добие вистинското место во системот и организацијата на нашата држава дека Собранието ќе биде вистински законодавец и дека пратениците во Собранието најдоминантно ќе влијаат на текстовите на законите и на решенијата кои ќе се вградуваат во законите.

Со досегашниот Деловник слабоста околу поднесувањето на амандманите до крајот на расправата како право на Владата ги ограничуваше пратениците да не можат понатаму да влијаат на текстот на законот и затоа ова мора да се елиминира и со ваквото елиминирање на ваквото решение ќе воведеме поинаков начин на работа во Парламентот и поинаква и посилна одговорност кај владите. Значи, кога велам владите не мислам на Владата која јас ја подржувам, туку велам на сите влади во иднина ќе бидат многу поодговорни кога ќе се појават како предлагачи на закони добро ќе ги изработат за да потоа нема потреба да поднесуваат амандмани на своите текстови.

Јас го подржувам овој концепт и верувам дека низ една дебата сите ќе дадат свои забелешки, ќе се најдеме заедно на многу решенија и ќе изградиме Деловник кој во многу ќе повлијае на работата на Собранието и на пратеникот како институција, пред се. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи е крај на работното време, утре ќе продолжиме со вашите реплики, за денеска ја завршуваме работата на Собранието.

Утре во 11,00 часот продолжуваме со реплика од господинот Игор Ивановски.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)